
















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ПОЛОВИНА СОВЕТНИЧКИ ПАУШАЛИ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ВО ПОПЛАВИТЕ

На седницата на Советот на Општина Карпош, одржана во вторникот (20.05) советниците едногласно го прифатија предлогот на советникот од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, Панче Стојановски, со кој тие ќе донираат половина од својот месечен надоместок (паушал, кој ќе се насочи во хумани цели за настраданите лица од Србија и Босна и Херцеговина, чии живеалишта беа зафатени од катастрофалните поплави. Исто така, советниците едногласно го прифатија предлогот на првиот човек на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, со кој се предвидува покривање на сите трошоци кои ќе произлезат од ангажманот на Единицата за заштита и спасување при Општина Карпош, која од неодамна ја спроведува својата мисија во поплавените подрачја од Република Србија.

Во таа насока, советникот од Општина Карпош, Давор Грче, по непосредниот контакт со своите српски колеги, му ја пренесе срдечната благодарност на градоначалникот Јакимовски, за навремениот гест на солидарност и хуманост, кој го спроведе локалната самоуправа од Карпош. Имено, Општина Карпош е единствената општина во Македонија, во чии рамки функционира Просторна единица за заштита и спасување. По усвојување на записниците од дванаесеттата, тринаесеттата и четиринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, советниците ја усвоија и предлог-Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2014 година.

Во иста динамика, тие усвоија пет Одлуки, со кои се утврдува вклопување на бесправни објекти, на неколку катастерски парцели во Општина Карпош, според урбанистичко-планската документација, со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето.








# МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАНИЕ ЗА МЛАДИТЕ ПОЛИТИКОЛОЗИ ОД „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

Учениците од 8б од ООУ „Лазо Трповски“, во средата, 21 мај 2014 година, на пригодна свеченост, ја примија наградата што ја заслужија со учеството на 43. Меѓународен училиштен натпревар за политичко образование што пролетва се одржа во Бон, Германија. Наградата им ја врачи Хелга Тајпел, раководител за култура при Амбасадата на Република Германија во Македонија. - Признанието е знак за исклучителниот ангажман на наставниците и на учениците и потврдува дека е вложено многу труд, но и дека процесот бил забавен. Тоа е и целта на оваа награда, да ви покаже дека учењето низ забава, а не напамет, е многу поефективно – им честита претставничката на германската амбасада, Тајпел, на учениците од „Лазо Трповски“ пред свеченото врачување на наградата.

Осмоодделенците од ова училиште на годинашниот Меѓународен натпревар за политичко образование што се одржува во Бон, учествуваа со проектот „Добрите и мрачните страни на глобализацијата“, под менторство на наставниците Стефан Симовски и Даниела Радевска, и добија награда за својата возрасна категорија. - Годинашната награда претставува уште една потврда за континуитетот на осумгодишната традиција на ООУ „Лазо Трповски“ на успешни учества на овој реномиран натпревар чиј покровител е претседателот на Сојузна Република Германија, Јоахим Гаук. Имено, нашето училиште досега осумпати едно по друго учествува на натпреварот во Бон и досега има освоено осум награди – рече директорката на училиштето, Елеонора Стрезовска, упатувајќи благодарност до учениците и наставниците за нивниот ангажман, но и на Фондацијата „Фридрих Еберт“ за поддршката. Според стручното жири на натпреварот, чија одлука за наградата пред присутните гости ја прочита наставникот-ментор Стефан Симовски, „проектот „Добрите и мрачните страни на глобализацијата“ на учениците од 8б од „Лазо Трповски“ има големи содржински квалитети и креативна форма“, што е само една од причините зошто е награден.









# ОПШТИНА КАРПОШ И СКОПЈЕ СИТИ МОЛ - ХУМАНИ ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

Во рамките на заемната соработка на општина Карпош и Скопје Сити Мол, во придружба на Општинската организација на Црвениот крст на Карпош, во средата (21.05) пред големиот супермаркет „Керфур“ беа поставени штандови на кои граѓаните од 10 часот наутро па се до 20 часот навечер, ќе можат да донираат хуманитарна помош за поплавените места во Србија и БиХ. Потребните продукти од вода, конзервирана храна, прибор за јадење за еднократна употреба и продукти за лична хигиена, ќе бидат доставени до кризните подрачја во Србија и БиХ, како хуманитарна помош.









# УСПЕШНА МИСИЈА НА СПАСУВАЧИТЕ ОД КАРПОШ

Спасувачката екипа на Општина Карпош, која пред пет дена замина како интервентна помош за поплавените подрачја во Србија, поточно во Обреновац, во средата (21.05) се врати во Карпош. Петнаесетте членови-спасувачи деновиве интензивно работеа на поддршка на спасувачките тимови од Србија и самите придонесоа за евакуација на жителите од поплавениот Обреновац. Веќе по првите знаци за повлекување на водата, тие се вратија во Карпош. Впечатоците на спасувачката екипа од петдневниот престој во Србија ги пренесе раководителот на Единицата за спасување, Раде Мицковски, кој мисијата ја оцени како успешна.

- Нашата единица веднаш по стигнувањето во Обреновац, каде нивото на водата беше сè уште многу високо, се вклучи во активностите за евакуација на населението. Екипата од Општина Карпош, заедно со единиците од македонската армија, беше поддршка на Армијата на Република Србија во спасувачките активности. Со чамците помогнавме да се извлечат повеќе луѓе и семејства, од кои дел и по неколку денови биле заробени во своите домови. Се разбира, сите ни изразија бескрајна благодарност и нам лично, но и на Општина Карпош и на Република Македонија – рече Мицковски во својата изјава за медиумите и додаде дека мисијата може да се оцени како успешна и дека Единицата на Општина Карпош и понатаму стои на располагање вакви и слични непогоди. Екипата беше пречекана лично од градоначалникот на Карпош, Стевчо Јакимовски, кој на момците им посака топло добредојде и им честита за успешно реализираната мисија.

- Од актуелната непогода во Србија и во Босна и Херцеговина треба да извлечеме поука сите ние, зашто катастрофите се можни секаде и не смеат да се потценуваат. Општина Карпош е единствена општина во земјава која има Единица за спасување при поплави и пожари со соодветна опрема, а идејата на законодавецот е сите 80 општини



да имаат ваква единица и опрема. Соочувањето со вакви катастрофални непогоди би било далеку полесно доколку сите тие имаат вакви единици. Општина Карпош, покрај тоа, собира хуманитарна помош за нашите братски општини во Србија и Босна и Херцеговина, а јас се надевам дека до петок тоа ќе биде завршено и нашиот конвој ќе тргне кон загрозените подрачја. За нас е најважно што нашите колеги се враќаат живи и здрави, нивната помош за населението од поплавените подрачја сигурно била добредојдена. Оштетено е нашето возило, но возилата се поправаат, а животите не се враќаат. Ова нека биде поттик за сите општини да обезбедат ваква опрема и вакви екипи – рече општинскиот татко Јакимовски при пречекот на членовите на екипата за спасување. Меѓутоа, помошта од Карпош за поплавените од Србија и од Босна и Херцеговина со тоа не завршува и не стивнува. Општина Карпош, во меѓувреме, со Одлука на Советот, утврди дека сите трошоци кои произлегоа од мисијата на спасувачката екипа од Карпош ќе бидат покриени со средства од буџетот на локалната самоуправа и на тој начин уште еднаш ја потврди својата хуманост.

Покрај тоа, граѓаните на Карпош имаат можност својата солидарност, организирано, да ја реализираат преку месните и урбаните заедници на Општината, како и преку штандовите на Општина Карпош пред поголемите супермаркети и во ТЦ „Скопје сити мол“, каде што можат да ги остават производите наменети за хуманитарна помош за населението од Србија и од Босна и Херцеговина.



# ООУ,,БРАТСТВО'' - ПРВАЦИ ВО УЧИЛИШНАТА ФУДБАЛСКА ЛИГА НА КАРПОШ

По последното 18. коло кое се одигра во четвртокот (22.05) на спортското игралиште ,,Сокол'', основците од ООУ ,,Братство'' ја потврдија својата доминација на фудбалските терени и со конечните 48 бодови на табелата, тие се новите шампиони во училишната фудбалска лига 2013/14, која ја организира Општина Карпош.

Во текот на целата сезона тие покажаа најконстантна игра, па токму затоа заслужено се најдоа на првата позиција во лигата. Второто место го освоија младите фудбалери од ООУ ,,Јан Амос Коменски'', додека пак, третата позиција ја обезбедија учениците од ООУ ,,Вера Циривири-Трена''. Освен по впечатливите потези со топката, овогодинешната училишна фудбалска лига ќе биде запаметена по беспрекорниот фер-плеј, кој континуирано преовладуваше на фудбалските терени и секако, одличната организација на оваа спортска манифестација од страна на Одделението за спорт при Општина Карпош. Победничките пехари и медали на трите најдобро пласирани екипи им ги врачи претседателот на Комисијата за спорт, при Советот на Општина Карпош, Давор Грче. Воедно, тој им ги додели свечените статуетки на Кирил Петревски од ООУ ,,Вера Циривири-Трена'' за најдобар голман, на Бесар Фејзулов од ООУ ,,Братство'' за најталентиран играч, додека, Дарко Чурлинов од ООУ ,,Јан Амос Коменски'' се покажа како неприкосновен во двете категории, најдобар стрелец и најдобар играч. За тројцата млади фудбалски надежи, Општина Карпош обезбеди едногодишна спортска стипендија и наградна училишна екскурзија.








Gallery



# ПРЕНАСОЧЕН ПАТОТ КОН ГОРНО НЕРЕЗИ

Поради реконструкција и санација на патот за Горно Нерези (втора фаза), од 24 мај 2014 година (сабота), до следниот месец сообраќајот кон ова населено место ќе биде пренасочен. Во согласност со решението за привремен режим на сообраќај издадено од Град Скопје, сообраќајот ќе се одвива по алтернативен пристап во должина од 1.400 метри и тоа од делот каде е завршена првата фаза на патот (од ул. Козле до 3 километри далечина) од десна страна до населеното место Горно Нерези. Граѓаните кои живеат на дел од патот кој се реконструира, ќе бидат привремено пропуштани од страна на изведувачот на градежните работи. Инаку, градежните работи, кои ќе ги изведува АД „Бетон“, се предвидува да траат од утре во следните 30 дена.

# КАРПОШ ГО ОДБЕЛЕЖА ПРАЗНИКОТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ

Во организација на општина Карпош и Одделението за спорт и култура при Општината, во петокот (23.05) во Кинотеката на Македонија, беше одбележан големиот празник Св. Кирил и Методиј со ликовна и поетска вечер. Околу петнаесетина ликовни уметници се претставија со слики, склуптури и графики, а вечерта беше зачинета и со пријатни поетски стихови од поетесите Роза Василевска, Вера Симовска, Виолета Сековска и Татијана Дуцкиновска-Петреска и поетите Филип Клетников и Душко Кралевски. Во рамките на изложбата, отецот Ивица Тодоров пред присутните, го посочи значењето на прославувањето на големиот празник св. Кирил и Методиј и сесловенството, а во пријатните звуци од музичкиот хор „Смирна" можеа да уживаат љубителите на уметноста и на безвременските поетски











